Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 16.08.2022

Денеска (16.08.2022) од страна на полициски службеници од СВР Битола, лишени се од слобода М.Б.(27) и Н.П.(34), постапувајќи по пријава од 02.30 часот од страна на 46-годишен државјанин на БиХ, со привремен престој во Битола, според која на 15.08.2022 околу 21.30 часот од неговото возило му била одземена машка чанта со пари, документи, банкарски картички, ов кои во неколку наврати биле поврлечени пари, со што му била предизвикана материјална штета во висина од 30.000 денари. Лицата се приведени во полициска станица, кај нив се најдени одземените предмети и вратени на приврзителот, а во координација со Јавен обвинител на лицата ќе им биде поднесен поднесок во врска со член 235 и 251 од Кривичниот законик.

На 15.08.2022 полициски службеници од ОВР Берово го лишиле од слобода З.М.(59) од Пехчево, затоа што врз основа на судска наредба, при претрес во неговиот дом и помошни простории во Пехчево, биле пронајдени и одземени засадени растенија канабис сатива, кеса со марихуана и 174 парчиња пиротехнички средства. По комплетирање на случајот против З.М. ќе следи соодветна кривична пријава за кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по чл.215 и кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" по чл.396 од Кривичниот законик.

На 16.08.2022 во 01.00 часот на улицата „Никола Тесла" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.М. (26) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 15.08.2022 од страна на полициски службеници од Одделението за општ криминал при СВР Битола лишени од слобода се М.М.(36) и Р.К.(26), поради постоење основи на сомнение дека извршиле кривично дело „предизвикување на општа опасност", по чл.288 од Кривичниот законик. Имено, во 09.30 часот во СВР Битола И.Б. од Битола пријавил дека во временскиот период од 22.00 часот на 14.08.2022 до 07.15 часот на 15.08.2022 на ул. „Македонска фаланга" во Битола, на две патнички возила „митубиши" и „голф", сопственост на пријавителот била истурена течност, при што било предизвикано нивно оштетување. По преземени мерки и активности од страна на полициските службеници, сторителите биле идентификувани, а при извршен претрес кај лицата пронајдени се предмети поврзани со извршеното кривично дело. Во координација со Јавен обвинител, по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.08.2022 во 02.45 часот на улицата „Михајло Пупин" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.А. (24) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 15.08.2022 во полициска станица Македонски Брод бил извршен службен разговор со Е.Т. (44) од с.Прелово, затоа што полициски службеници од ОВР Македонски Брод го затекнале во атарот на с.Прелово како во патничко возило „лада нива", без регистрациски таблички, неовластено превезува огревни дрва кои не се обележани од надлежен државен орган. Возилото со огревните дрва и моторна пила се одземени и предадени на претставници од „Шумско стопанство" Македонски Брод. По документирање на случајот, против Е.Т. ќе биде поднесена соодветна пријава по Законот за шуми.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (15.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 150 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 19 санкции, 21 мерка за возење без возачка дозвола, 15 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон, осум санкции за нерегистрирани возила, четири за технички неисправни возила во јавниот превоз, три санкции за возење под дејство на алкохол, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 15.08.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За врме на контрола биле констатирани 25 прекршоци, од кои 20 во населено место и 5 надвор од населено место. Санкционирани биле и 24 други видови на прекршоци, од кои 2 за управување нерегистрирано возило, 3 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некорректне сигурносен појас, 2 прекршоци сторени од пешаци и 11 за непропишко паркирање.

На 15.08.2022 во 22.15 часот во СВР Штип е пријавено дека во Казнено-поправниот дом Затвор Штип, во просторија од полуотвореното одделение, кај осуденикот К.Е.(33) се пронајдени 22 пакувања марихуана, едно кесе со остаток од прашката материја и таблета. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.08.2022 во 19.30 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосницата од ул. „Народен фронт", ул.„Шарски одреди" и излез од паркинг простор се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.М. (19) од Скопје и мотор „јамаха", без регистарски таблици, управуван од малолетник од с.Пласница. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатата вечер (15/16.08.2022) во рамки на „Безбедно лето 2022", во периодот од 21.00 до 04.00 часот, Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе акциска контрола на територијата на град Прилеп за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 13 возачи, од кои седум за возење без возачка дозвола. На сите прекршители изготовени им се соодветни поднесоци.

На 16.08.2022 во 04.00 часот било пријавено дека на експресен пат Крупиште – Кочани, во близина на клучката Крупиште – Пробиштип, патничко возило „сеат толедо", со болгариски регистарски ознаки, управувано од Љ.П.(71) од Битола, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 15.08.2022 во 17.10 часот во Полициската станица Аеродром В.Ј.(46) од Скопје, пријавил дека на бул."Јане Сандански" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 15.08.2022 во 21.50 часот било пријавено дека во Тетово на бул.„Видео Смилевски Бато", патничко возило „бмв", со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.П.(49) од с.Голема Речица удрило во Т.Р.(23) од с.Сарајково. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Т.Р., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 15.08.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Гази Баба С.А.(52) од Скопје пријавила дека на ул."Трифун Хаџи Јанев" била касната од куче скитник.

Денеска (16.08.2022) полициски службеници од СВР Скопје – Полициска станица Гази Баба ги лишиле од слобода Ј.Н.(25) од с.Јрурулери и К.А.(23) од Скопје. Тие биле фатени непосредно по извршување на кривично дело тешка кражба на дрвјок начин, при што од 77-годишна скопјанка одзеле личен накит. Одделението за кривични работи Гази Баба поднесе кривична пријава до надлежното Основно јавно обвинителство по член 236 ст.1 т.3 од Кривичниот законик и двете лица се изнесени пред Судија на претходна постапка при што на Ј.Н. му е определен притвор, а за К.А. ќе бидат изречени мерки за обезбедување.

СВР Битола – ОВР Прилеп до ОЈО Прилеп поднесе кривична пријава против Д.Ј.(32), А.М. (26), Д.П.(33) и П.О.(43), сите од Прилеп, поради постоење на основано сомневање дека сториле кривични дела по чл.382 од Кривичниот законик, за „спречување службено лице во вршење службено дејствие" и по чл.386 од Кривичниот законик – „насилство".Имено, на 14.08.2022 околу 18.00 часот, во угостителскиот објект во Прилеп, по претходна евидрана расправија, пријавените физички го нападнале В.Н.. На местото на настанот веднаш пристигнале полициски службеници од ОВР – Прилеп кои да стана на пријавените биле спречувани во извршувањето на службени дејствија. Лицата биле лишени од слобода, а од страна на Судија на претходна постапка при Основен суд Прилеп изречена е мерка куќен притвор.

На 15.08.2022 околу 13.00 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека во парк на подрачјето на Центар на камен обележје е забележан испишан графит. Полициски службеници излегле на местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.08.2022 година околу 01.00 часот во ОВР Кичево бил пријавено нарушување на јавниот ред и мир со гласна музика од угостителски објект на булеварот „Ослободување" во Кичево. По преземените мерки, полициските службеници констатираа дека се надминати утврдените гранични вредности за нивото на основните индикатори за бучавата во животната средина, по што изготовени се записници. По целосно документирање, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Д.(32) од Гевгелија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" по пат на информатички систем. На 04.07.2022, 41-годишен тетовец на социјални мрежи во неколку наврати од профилот на А.Д. добил порани со заканувачка содржина и ну биле барани пари.

На 16.08.2022 во 00.05 часот М.Ј.(22) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека на 15.08.2022 околу 23.30 часот во Градски парк кај Фонтана бил физички нападнат од О.А. и уште неколку други лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.08.2022 во 17.00 часот било пријавено дека околу 12.00 часот во с.Петровец бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.А.(58) од с.Петровец, од една страна, и З.Ж.(49) и З.Ж.(20), двајата од с.Огњанци и М.М.(38) од Куманово, од друга страна, во која употребиле и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.08.2022 околу 11.45 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во сопствениот дом на подрачјето на Аеродром е пронајден починат Б.А.(64). Од лекар од Итна медицинска помош констатирана е смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено на обдукција.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Ј.(27) од Охрид. При претрес на патнички автомобил што тој го управувал, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога, пронајдоа и одземоа кокаин.

На 15.08.2022 во 23.30 часот било пријавено дека на подрачјето на Горче Петров, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.К.(28) и Б.К.(36), од една страна, и Ш.С.(33) и Е.С.(30), од друга, сите од Скопје, во која биле употребени и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.08.2022 во 18.00 часот Ф.К.(55) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од С.М. и U.Ш.. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против К.С. (22) и Л.С. (23), двајата од Виница, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.04.2022на автопатот Штип – Миладиновци, кај с.Кадрифаково од полициски службеници од СВР Штип, при извршена контрола во патничко моторно возило „опел", управувано од второпријавениот, бил пронајден и одземен амфетамин.

На 15.08.2022 во 09.30 часот З.Ј.(51) од с.Бујковци пријавил дека во с.Миладиновци, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од С.Р.. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.08.2022 во 16.40 часот В.С.(54) од Скопје пријавила дека на 14.08.2022 околу 22.00 часот на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од А.Н. со тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.08.2022 во 23.07 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Центар, на коловозот е пронајден пиштол „Црвена застава" и рамка со 5 куршуми кал.9 мм. Полициски службеници излегле на местото, а од увидна екипа од СВР Скопје пиштолот е подигнат за понатамошна постапка.

На 15.08.2022 во 21.50 часот Б.Ф.(30) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Драчево, пред угостителски објект, бил физички нападнат од М.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.08.2022 во 00.10 часот во Полициската станица Бит Пазар, Б.Џ.(43) од Скопје пријавила дека од домот се одвалечил нејзиниот син Б.М.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 16.08.2022 во 09.35 часот во Полициска станица Струмица Н.П.(64) од с.Сушица пријавил дека околу 07.00 часот на паркинг во близина на угостителски објект во Струмица, поради нерешени имотно-правни односи, бил физички нападнат од К.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет